Врз основа на член 12 став (1) и член 17 став (4) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.7/16) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден xx мај 2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ВОДНА УСЛУГА И НА РЕГУЛАТОРНА ТАРИФА ЗА ВОДНА УСЛУГА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторната тарифа за водна услуга, Планот за прилагодување, како и другите податоци кои се потребни од давателот, како и критериумите за процена на барањето и поднесоците за утврдување на тарифите за водна услуга, начинот на подготовка на потребните документи за утврдување на регулаторната тарифа за водна услуга, роковите за постапување, постапката за преговарање,постапката и условите кога Регулаторната комисија за , водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) е должна да донесе Регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: регулаторна тарифа), како и постапка за измена на План за прилагодување на тарифите по исклучок.

### Член 2

(1) Одредбите на овој правилник се применуваат на постапките за утврдување на тарифа за водна услуга односно регулаторна тарифа за даватели на водни услуги кои за своите крајни корисници обезбедуваат една или повеќе од следните водни услуги:

- снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението;
- снабдување со вода за пиење или водоснабдување;
- собирање и одведување на урбани отпадни води и
- прочистување на отпадни води.

### Член 3

(1) Тарифата за водна услуга и регулаторната тарифа се утврдуваат за секоја година од определениот регулиран период утврден со Решение за утврдување на тарифа за водна услуги или со Решение за утврдување на регулаторна тарифа.

(2) Под регулиран период се подразбира период од три календарски години за кои што на давателот на водната услуга му се утврдува тарифа или регулаторна тарифа за секоја водна услуга, согласно одредбите од овој Правилник.
(3) Времетраењето и датумот на отпочнување на регулираниот период за секоја од водните услуги од член 2 на овој Правилник, започнува да важи со денот на отпочнување на примена на Решението за утврдување на тарифа за водна услуга или Решението за утврдување на регулаторна тарифа.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФИТЕ ЗА ВОДНИ УСЛУГИ

### Член 4

(1) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ги утврдува тарифите за водни услуги за секој одделен давател на водна услуга со решение кое го донесува на седница.
(2) При утврдувањето на тарифите за водни услуги, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги особено ги зема во предвид трошоците направени за водната услуга и на услугите за поддршка кои се засновани пред се на оперативните трошоци и трошоците за одржување, трошоците за капитални инвестиции, вклучувајќи ги и трошоците за амортизацијата на средствата за вршење на соодветната водна услуга, надоместоците, даноците и другите давачки утврдени со закон, како и висината на прагот на достапност на домаќинствата во подрачјето во кое давателот ја обезбедува водната услуга.

### Член 5

(1) Тарифите за водни услуги се утврдуваат од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги врз основа на доставеното барање за утврдување на тарифа за водна услуга со предлог тарифи од страна на давателот на водни услуги и доставен нацрт-План за прилагодување на тарифите за водни услуги и податоци и извештаи од Бизнис планот кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водни услуги, подготвени согласно со Методологијата за определување на тарифите за водна услуга, земајќи ги во предвид капацитетите на давателот на услугите, препораките за прагот на достапност на ниво на приход на домаќинство и потребните инвестиции во инфраструктура за давање на водни услуги во подрачјето во кое што се обезбедува водната услуга.

### Член 6

(1) Барањето од член 5на овој правилник се доставува до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги најдоцна во рок од девет месеци пред истекот на важноста на решението за утврдување на тарифата за водна услуга, односно на решението за утврдување на регулаторна тарифа за водната услуга.
(2) Барањето го доставува управителот на давателот на водни услуги, за секоја водна услуга одделно, по претходна согласност од органот на управување определен во статутот на друштвото.
(2) Со добивање на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга со предлог тарифи и документацијата, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги проценува дали барањето и документацијата се потполни и дали давателот на водна услуга го изработил барањето во согласност со овој Правилник, Методологијата за определување на тарифите за

водна услуга и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа на водна услуга, и критериумите за оцена.

### Член 7

(1) Барањето од член 5 на овој правилник се смета дека е потполно ако содржи:

- пополнет образец БТВУ утврден согласно методологијата;
- пропратно писмо со образложение на барањето;
- изјава за веродостојност на барањето и податоците дадени во врска со него, потпишана од одговорното лице на давателот на водни услуги;
- нацрт план за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги, утврден согласно методологијата;
- податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
- пополнета листа на индикатори и цели кои треба да ги исполни давателот на водната услуга, утврдени согласно методологијата ;
- решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги заверен на нотар;
- финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Северна Македонија и Извештај од ревизијата на финансиските извештаи, доколку за изготвување на истиот давателите на водни услуги се обврзани со закон и
- други податоци од делокругот на работа на давателите на водни услуги, а кои се релевантни за вршењето на водната услуга, по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги во текот на постапката, до донесувањето на Решението;

(2) Барањето од став (1) на овој член се доставува во еден примерок во писмена форма и електронска форма на веб платформата за водни услуги на следната адреса https://voda.erc.org.mk/.

(3) Барањето од став (1) на овој член треба да ги исполни критериумите за оцена, да е доставена целокупната документација од став (1) на овој член и на начин пропишан со став (2) на овој член, при што поднесувањето до електронската платформа за водни услуги да се изврши најдоцна до денот на доставување на барањето во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

### Член 8

(1) Постапката за утврдување на тарифи за водни услуги започнува со денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

(2) Во рок не подолг од 15 дена од денот на приемот на барањето, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го разгледува и го анализира барањето и доколку утврди дека недостасуваат одредени податоци и документи, односно дека барањето не ги исполнува критериумите за оцена од член 11 став (2) на овој правилник го известува давателот на водни услуги во рок од 8 дена да ги достави бараните податоци и документи.

(3) Доколку Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги утврди дека барањето е комплетно, односно дека барањето ги исполнува критериумите за оцена од член 11 став (2) на овој правилник, истото го објавува на својата веб-страница, со цел прибирање на мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица во рок не подолг од 5 дена од денот на објавување на барањето.

(4) Во постапката за утврдување на тарифите за водните услуги, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е должна да ги разгледа и забелешките кои се пристигнати од страна на давателот на водната услуга, односно основачот на давателот на водната услуга и истите ги објавува на својата веб страница.
(5) Врз основа на податоците доставени кон барањето, како и врз основа на анализата на доставените мислења од заинтересираните физички и правни лица, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги изготвува нацрт текст на Решението за утврдување на тарифи на водни услуги со образложение.

**Постапка за преговори со цел усогласување на тарифите за водни услуги**

**Член 9**

(1) Регулаторната комисија за енергетика и водни услиги доколку оцени дека доставените забелешки од член 8 став (4) на овој правилник се од таков карактер што можат да влијаат значително на утврдување на висината на тарифите за водни услуги, може да започне постапка за преговори со цел усогласување на висината на тарифите за водни услуги во рок од 15 дена од денот на прием на забелешките
(2) Постапката за преговори започнува со донесување на решение на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за отпочнување на постапка за преговори со цел усогласување на висината на тарифите за водни услуги.
(3) Во решението од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги определува листа на прашања за кои може да се преговара со давателот на водната услуга, и тоа особено во однос на висината, видот и структурата на тарифата.

**Член 10**

(1) По донесувањето на решението од член 9 став (2) од овој правилник, Регулаторната комисија за енергетика до давателот на водна услуга доставува покана во која особено се наведуваат местото, времето и дневниот ред за одржување на состанокот за преговарање и постигнување согласност.
(2) Преговорите во име на давателот на водната услуга ги води управителот или друго овластено лице од страна на управителот кое има полномошно да ги води преговорите во име и за сметка на давателот на водната услуга. Својството се докажува со документ кој лицето го доставува до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.
(3) За секој одржан состанок се составува записник за текот на преговорите и заклучоците од преговорите.
(4) Постапката за преговори треба да заврши во рок од 30 дена од денот на нивното отпочнување.
(5) Во случај доколку преговорите немаат успех, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ќе донесе решение за започнување на постапка за утврдување на Регулаторна тарифа за водни услуги согласно со членот 16 од Законот за утврдување цени на водни услуги.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА БАРАЊЕТО И ПОДНЕСОЦИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ВОДНА УСЛУГА

### Член 11

(1) Критериумите за проценка на податоците од барањето и поднесоците за утврдување на тарифи е усогласеноста на податоците и проекциите од Планот за прилагодување на тарифите со податоците и проекциите од Бизнис планот.

(2) Давателот на водната услуга ги врши пресметките за податоците и проекциите од став (1) од овој член согласно Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците и на критериумите за оцена.

## VI. УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФИ ЗА ВОДНИ УСЛУГИ

### Член 12

(1) Тарифата за водна услуга се утврдува врз основа на оценка на:
- трошоците за обезбедување на водни услуги и услуги за поддршка;
- висината на предложената тарифа за водна услуга и цената на водната услуга што ќе се постигне со предложената тарифа и нејзината финансиска достапност за домаќинствата од подрачјето на кое се дава водната услуга и процентот на домаќинствата за кои ќе биде надминат прагот на финансиска достапност;
- планирани капитални инвестиции за проширување на инфраструктурата и подобрување на водните услуги;
- ефикасноста на водната услуга споредена со индикаторите на успешност и
- постигнувањето на вредностите на целите за клучните индикатори за успешноста.

(2) Тарифата за водна услуга се утврдува со Решение за утврдување на тарифи за водни услуги.

(3) Решението за утврдување на тарифи за водни услуги особено содржи:
- висина на тарифата за секоја водна услуга што ја обезбедува давателот;
- минимум и максимум опсег изразен во проценти на утврдена вредност во рамките на кој е дозволено давателот да донесе одлука за утврдување на висина на тарифата на водната услуга;
- услови што треба да ги исполни давателот со повикување на прифатен План за прилагодување на тарифите за водните услуги и
- рок на важење на тарифите за водните услуги.

(4) Во случај кога не е постигната согласност со давателот за висината на тарифата за водната услуга, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на седница донесува Решение за отфрлање на барањето за утврдување на тарифи за водна услуга кое особено содржи:
- основи за отфрлање на барањето;
- промени кои се потребни да ги направи давателот за повторно поднесување на барањето и
- индикативна процена за тарифите кои Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ги смета за соодветни.

(5) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги решенијата од ставовите (2) и (4) од овој член ќе ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница и истите ќе ги достави до давателот на водната услуга и до основачот на давателот на водната услуга, без одлагање.

(6) Давателот на водната услуга е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението од ставот (2) на овој член, да го достави до органот на управување на давателот на водната услуга заради донесување одлука за утврдување на тарифи за водни услуги.

(7) Доколку не е дадена согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водна услуга во рок од 150 дена од денот на објавување на решението за утврдување на тарифата за водна услуга во „Службен весник на Република Северна Македонија“, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ќе донесе решение за започнување на постапка за донесување на Регулаторна тарифа за водна услуга.

(8) Решенијата од ставовите (2) и (4) на овој член се конечни и против нив не е дозволена жалба. Против решението од ставовите (2) и (4) на овој член давателот на водната услуга, градоначалникот на општината, општините во градот Скопје, градоначалникот на градот Скопје, односно органот на управување на правното лице основано со Законот за водостопанство или друг закон има право да заведе управен спор пред Управен суд.

(9) Органот на управување на давателот на водната услуга е должен да ги усогласи своите одлуки со решенијата донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

**Постапка за измена на Решението за утврдување на тарифата за водна услуга**

**Член 13**

(1) Давателот на водната услуга, со барање, може да покрене постапка за измена на решението за утврдување на тарифата за водна услуга пред истекот на периодот на кој се однесува решението за утврдување на тарифа за водна услуга доколку:

- настанала битна промена на околности што постоеле во времето на донесување на решението за утврдување на тарифите за водни услуги, а која доведува до потребата за прилагодување на тарифите;
- настанала значителна промена во елементите врз основа на кои се утврдува тарифата за водни услуги од членот 13 став (2) од Законот за утврдување на цени на водните услуги.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се доставува до Регулаторната комисија за енергетика од страна на управителот на давателот на водни услуги по претходна согласност од органот на управување определен во статутот на друштвото, на начин утврден во член 7 став (2) и (3) на овој правилник.

(3) Во прилог на барањето од ставот (2) на овој член се доставува документацијата наведена во член 7 став (1) алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од овој правилник.

(4) Формата и содржината на барањето за измена на решението за утврдување на тарифата за водна услуга е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(5) Регулаторната комисија за енергетика по барањето од ставот (2) на овој член одлучува со решение.

(6) На постапката за измена на решението за утврдување на тарифата за водна услуга соодветно се применуваат одредбите на член 8 од овој правилник.

## VII. ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНА ТАРИФА

### Утврдување на Регулаторна тарифа во случаи кога има податоци
### Член 14

(1) Во случаите кога преговорите немаат успех, односно не е постигната согласност со давателот за висината на тарифата за водна услуга како и кога не е дадена согласност на Одлуката за утврдување на тарифата за водни услуги од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје или градоначалникот на град Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ќе донесе Решение за започнување на постапка за утврдување на регулаторна тарифа за водни услуги.
(2) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ќе донесе Решение за утврдување на регулаторна тарифа, во рок не подолг од 120 дена од денот на донесување на Решение за започнување на постапка за утврдување на регулаторна тарифа.
(3) Решението од ставот (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика го донесува врз основа на податоците со кои располага како и други податоци кои дополнително се доставени или добиени од давателот на водната услуга и соодветна примена на одредбите од членот 13 став (2) од Законот за утврдување на цени на водните услуги.
(4) Решението од ставот (2) на овој член особено содржи:
- висина на тарифата за водни услуги изразена во фиксен износ ;
- услови што треба да ги примени давателот и
- задолжение за давателот на водни услуги да достави План за прилагодување на тарифите, согласно со членот 8 од овој Правилник и рок за негово доставување.

(5) До донесување на решение за утврдување на тарифи врз основа на доставен План за прилагодување од ставот (4) алинеја 3 на овој член, давателот на водната услуга е должен да го применува решението од ставот (2) на овој член.

### Утврдување на Регулаторна тарифа во случаи кога нема податоци
### Член 15

(1) Во случаите кога давателот на водната услуга не достави барање за утврдување на тарифи за водни услуги, како и во случаите кога не постапи по решението од член 10 став (2) од овој Правилник, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги е должна во рок не подолг од 180 дена од денот на донесување на решението за започнување на постапка за утврдување на регулаторна тарифа за водни услуги, односно во рок не подолг од 180 дена од денот на истекот на рокот за доставување на барањето, да подготви Регулаторен план за прилагодување на тарифи за водни услуги, врз основа на кој ќе може да донесе решение за утврдување на регулаторна тарифа за водна услуга.
(2) Планот од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги го подготвува самостојно или со ангажирање на овластена ревизорска куќа.
(3) Давателот на водната услуга е должен на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги или на ревизорската куќа од ставот (2) на овој член, да ги стави на располагање сите податоци и информации кои се потребни за подготовка на планот од ставот (1) на овој член.
(4) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги може во постапката за подготовка на планот од ставот (1) на овој член, да побара извршување на надзорна ревизија или да побара вештачење за утврдување на трошоците за водните услуги на давателот.

(5) Трошоците за надзорната ревизија или вештачењето се на товар на давателот на водната услуга, во согласност со Законот за утврдување на цени на водните услуги.
(6) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во рок не подолг од 90 дена од денот на изготвувањето на планот од ставот (1) на овој член, донесува решение за утврдување на регулаторна тарифа за водна услуга врз основа на оцената на податоците собрани во согласност со ставовите (2) и (3) на овој член.
(7) Заради донесување на решение за утврдување на регулаторна тарифа за водна услуга, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги може да започне постапка за преговори со давателот на водните услуги.
(8) Решението за регулаторна тарифа од ставот (6) на овој член особено содржи:
- висина на тарифата за водни услуги изразена во фиксен износ,
- условите што треба да ги исполни давателот и
- рок на важење на тарифите.

(9) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, решението од ставот (6) на овој член ќе го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на својата веб страница и истото ќе го достави до давателот на водната услуга и до основачот на давателот на водната услуга, без одлагање.
(10) Органот на управување на давателот на водната услуга е должен во рок не подолг од 45 дена од денот на донесување на решението од ставот (6) на овој член, да започне да ја применува регулаторната тарифа.
(11) Решението од ставот (6) на овој член е конечно и против истото не е дозволена жалба. Против решението, давателот на водната услуга и градоначалникот на општината, општините во градот Скопје, градоначалникот на градот Скопје, односно органот на управување на правно лице основано согласно со Законот за водостопанства или друг закон, има право да заведе управен спор пред Управен суд.
(12) Органот на управување на давателот на водната услуга е должен да ги усогласи своите одлуки кои се релевантни за спроведување на утврдената тарифа за водна услуга, со решението од ставот (6) на овој член.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа („Службен Весник на Република Македонија“, бр.63/2017).

### Член 17

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. xx-xxx/1**
**xx.xx.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**